Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-592/2
__________ година

Постапувајќи по претставка бр. 08–592/1 од 12.09.2023 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација врз основа на пол, род, религија или верско уверување во областа на јавното информирање и медиумите, од страна на лицето [redacted], со посочена адреса на седиштето на [redacted] комитет за човекови права – Скопје, [redacted] во Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–592/1 од 12.09.2023 година, поднесена од лицето [redacted], **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

### О б р а з л о ж е н и е

На 121.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] против лицето [redacted]

Подносителот во претставката наведува дека: "На 08.03.2023 година во период од 18 до 20 часот активистка и вработена во [redacted] - маршираше со транспарент на кој со големи букви беше напишано, цитирам "Црквата да одјебе", со што се поттикна верска омраза и насилство врз огромна група граѓани со христијанска вероисповед, дискриминација и вознемирување врз основа на религија и верско уверување, повреда на личен и општествен статус, социјален и општествен углед, чест и интегритет, со намера за наше свесно и злонамерно дискредитирање во јавноста. Провокаторскиот транспарент е силно навредлив, понижувачки, вознемирувачки и исмејувачки врз нас како верници и го повредува достоинството на христијаните. Иако поминаа повеќе од 5 месеци од овој настан, [redacted] како дел од организаторите на тој настан, истиот воопшто не го осуди овој транспарент, ниту се огради од пораката, ниту се огради од тогаш вработената [redacted] која го носи транспарентот. Пораката беше јасно пренесена дека се однесува на тоа дека црквата треба да одјебе од борбата за рамноправност на жените, од унапредување на политиките и правата на жените. Со тоа искрено тврдам дека како маж, како сопруг, како татко ми е нанесена директна дискриминација, како на мене, така и на сите други

христијани, особено жени. Нанесена ми е директна дискриминација како маж, сопруг, татко по основ на пол нанесена е директна дискриминација врз жените, по основ на пол, бидејќи транспарентот повикува на ускратување на нашите права како жени да се бориме за наша рамноправност, унапредување на политиките и правата и достоинство.
Дополнително, овој транспарент повикува на исклучување, замолкнување и цензура на слободниот говор и правото на слободна вероисповед на црквата (христијаните), цензура и замолкнување во јавниот простор и медиумите – што е спротивно на Законот за спречување и заштита од дискриминација, Уставот и меѓународните декларации и конвенции на кои е потписник нашата држава".

Комисијата утврди дека наводите во претставката не спаѓаат во нејзина надлежност од причина што содржината на посочениот транспарент – "Црквата да одјебе" не алудира, односно не се однесува на верници – припадници на женски или машки пол.

Дополнително, во однос на перцепцијата дека со транспарентот се поттикнува омраза, повреда на личен и општествен статус, социјален и општествен углед, чест и интегритет, Комисијата упатува на можноста од заштита на правата на подносителот во соодветна судска постапка согласно одредбите од Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета, што исто така не спаѓа во делокругот на надлежностите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврдени со член 21 од Закон за спречување и заштита од дискриминација.

Врз основа на сето изнесено, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk